# СУДСКИ БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2004-2007

## В О В Е Д

Донесувањето на Законот за судски буџет е предопределено од операционализација на уставниот постулат за поделба на власта на законодавна, извршна и судска. Уставниот основ за донесување на Законот е содржан во членот 68, став 1, алинеа 2 од Уставот на Република Македонија, според кој Собранието на Република Македонија е надлежно да донесува закони. Местото, улогата, положбата, надлежностите и начинот на функционирањето на судството во Република Македонија се регулирани со Уставот на Република Македонија во посебен оддел. Принципот на поделба на власта, утврден со Уставот на Република Македонија ја налагаше потребата за зајакнување на независноста на судството и во однос на финансирањето и одлучувањето за потребите на потребни финансиски средства, неопходни за функционирање на судската власт во Република Македонија.

***Законот за судски буџет, се засновува на начелата на независност на судската функција, самостојноста и компетентноста, непристрасноста при примената на правото, правната сигурност на граѓаните и други начела утврдени со Уставот на Република Македонија и Законот за судовите.***

Судовите во Република Македонија во Законот за судовите се востановени како:

- самостојни и независни органи што ја вршат судската власт;
- институции со одредена положбата и поставена организацијата во правниот систем;
- институции со дефинирани се надлежностите и прецизирани начела на постапката во која судовите решаваат за правата, слободите и интересите на граѓаните;

- институции преку кои се обезбедува самостојна и независна положба на судовите и судиите во вршењето на судската функција.

## ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУДСКИ БУЏЕТ

1. Заради потребата средствата за финансирање на судската власт да бидат изразени како посебен дел во Буџетот на Република Македонија, се донесува Законот за судски буџет, кој во себе ќе ги содржи сите меѓународни стандарди за зајакнување на улогата на независното судство и воедно, ќе ги операционализира уставните решенија за вршење на судската функција во Република Македонија и законските основи утврдени во Законот за судовите.

2. Во текстот на Законот за Судски Буџет, едновремено, беа вградени мислењата од Републичкиот судски совет, Врховниот суд на Република Македонија и Министерството за финансии.

**3. Целите кои се постигнаа со донесувањето на Законот за судски буџет и потребата за негово донесување, е последица на усвоениот Елаборат од Владата на Република Македонија во втората половина на 1999 година, насловен како "Судски буџет"- модел на финансирање на судството во Република Македонија.**

4. Донесениот Закон за судскиот буџет, ја уредува постапката на изготвувањето, донесувањето и извршувањето на судскиот буџет и основањето и работењето на Судскиот буџетски совет.

## ОРГАНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА СУДСКАТА ВЛАСТ

*Судскиот буџетски совет, кој ќе се формира како орган за спроведување на финансирањето на судската власт, ги врши работите определени со овој закон, Деловникот за работа и други акти.*

Судскиот буџетски совет работи на седници. Седниците на Судскиот буџетски совет ги свикува и со нив раководи претседателот на

Судскиот буџетски совет. Тој одлуките ги донесува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови.

*Надлежностите на Судскиот буџетски совет се законска одредба со која се утврдува неговата надлежноста.*

## СТРАТЕГИСКИТЕ ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА СУДСКАТА ВЛАСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Изготвувањето на судскиот буџет, распределба на средства од судскиот буџет и извршување на судскиот буџет, се врши согласно Стратегијата за развој на правосудниот систем во РМ, а стратешките приоритети и цели на Судскиот Буџетски Совет се дел од овие реформски процеси кои се децидно дефинирани:

- финансиска поддршка на реформите во судството во Република Македонија, заради јакнење на независноста и самостојноста на судството во однос на законодавната и извршна власт;
- зголемување на ефикасноста на судовите, преку промени во организационата поставеност и надлежноста на судовите во Република Македонија и поедноставување на судските постапките или алтернативно решавање на споровите;
- финансирање на антикорупциските активности на судовите, преку реформа на кривично-правниот систем; граѓанско-правниот систем и управниот систем;
- исполнување на одредбите од Рамковниот Договор, во однос на примената на јазикот на припадниците на заедниците и начелото на соодветна и правична застапеност;
- едукација на судиите, државните службеници и другите вработени во судовите, преку реализација на едукативната програма на судската власт;
- финансирање, следење и контрола на трошоците за редовно функционирање и работа на судовите (трошоци во постапките, стоки и услуги и други трошоци);

- Стратегија, програма и стабилно финансирање на капиталните инвестиции во судовите;
- инвестиционо одржување на објектите и опремата во судовите;
- развој и одржување на информатициониот систем за судската власт, како дел од програмските задачи за зголемување на ефикасноста на судството, преку воведување на информатичка технологија во судовите и понатамошно следење на реализацијата на Проектот КАРТС, Проектот за модернизација на судството во Македонија на УСАИД-ДПК и др.;

## ОПЕРАЦИОНАЛИЗАЦИЈА НА ОДЛУКИТЕ НА СУДСКИОТ БУЏЕТСКИ СОВЕТ И СУДСКИОТ БУЏЕТ

*Административните работи на Судскиот буџетски совет ги врши стручна служба на Судскиот буџетски совет. Стручната служба е формирана како внатрешна организациона единица на Врховниот суд на Република Македонија, а со неа раководи Раководител на Сектор Судски Буџет, кое се пополнува согласно Законот за државни службеници, по претходна согласност од Судскиот буџетски совет.*

Со законот за судски буџет се определени надлежностите на Стручната служба.

## ИЗГОТВУВАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ

*Изготвувањето на судскиот буџет се врши врз основа на директивите и целите на макроекономската и фискална политика на Република Македонија и главните категории за проценетите приходи и расходи за наредната буџетска година што ги изготвил министерот за финансии и внатрешните критериуми и методологија утврдени од Судскиот буџетски совет.*

Сите процедури и главни насоки околу изготвувањето на судскиот буџет се регулирани со донесениот Интерен акт за контроли, а согласно

упатствата на Министерството за финансии. Во Актот е содржана целокупната методологијата за изготвување на буџетите на судовите, нивното користење, следење и контрола.

До формирањето на институцијата Академија за обука на судии и јавни обвинители со закон, во рамките категоријата за тековни расходи Судскиот Буџетски Совет вршеше алокацијата на средства за ставката одржување на хардверска и софтверска опрема и едукавција на судии и судска администрација. Распределбата на овие средства се операционализираше со донесување на соодветни годишни програми, кои се усвојуваат со одлуки од страна на Судскиот Буџетски Совет.

## УЧЕСТВО НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ВО БУЏЕТОТ НА РМ 2004-2008

| | основен буџет на РМ | | | буџет судска власт | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| година | основен буџет | приходи од органи | вкупно буџет на РМ | основен буџет судска власт | сопствени приходи на судовите | вкупно буџет на судска власт | % на судски буџет во буџет на РМ |
| 2003 | | | 50.932.000 | | | 1.012.532 | *1,99* |
| 2004 | 66.666.000 | 1.917.989 | 68.583.989 | 1.150.641 | 68.724 | 1.219.365 | *1,78* |
| 2005 | 66.538.469 | 1.896.733 | 68.435.202 | 1.171.457 | 63.718 | 1.235.175 | *1,80* |
| 2006* | 116.809.659 | 1.642.080 | 118.451.739 | 1.292.061 | 63.818 | 1.355.879 | *1,14* |
| 2007* | 115.026.887 | 1.633.496 | 116.660.383 | 1.283.176 | 64.200 | 1.347.376 | *1,15* |
| 2008* | 127.883.730 | 2.248.267 | 130.131.997 | 1.518.736 | 76.672 | 1.595.408 | *1,23* |

* Буџетот на судската власт за 2006 - 2008 година ја содржи и Г5 програмата - Академија за обука на судии и јавни обвинители

Од централниот буџет на РМ се земени само вредностите од централниот буџет за споредба. Не се земени во предвид приходите на државата од донации, од самофинансирачки активности и од кредити, кои би придонеле за уште помало учество на судскиот буџет во буџетот на РМ

## СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПРЕДЛОГ БУЏЕТ 2008 ГОДИНИ

| опис | буџет 2007 | Ребаланс буџет 2007 | Буџет 2008 | Разлика 2008/2007 | % | разлика 2008/ребаланс 2007 | % |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| плати | 1.076.244 | 1.101.240 | 1.269.895 | 193.651 | 102,32 | 168.655 | 115,32 |
| тековни трошоци | 146.327 | 237.685 | 156.709 | 10.382 | 162,43 | -80.976 | 65,93 |
| Тековни трансфери | 5.000 | 15.042 | 15.000 | 10.000 | 300,84 | -42 | 99,72 |
| капитални расходи | 50.000 | 50.000 | 50.000 | 0 | 100,00 | 0 | 100,00 |
| вкупно | 1.277.571 | 1.403.967 | 1.491.604 | 214.033 | 109,89 | 87.637 | 106,24 |

Одобрените буџетски средства со усвоениот Буџет на РМ за 2008 година, не ги содржат сите предложени проекции во судскиот буџет во тековната фискална година, а со цел непречено спроведување на судските реформи. Глобалната анализа и показателите направени со усвоениот буџет за 2008 година, поединечно по програми ги презентираат следните движења:

*Одобрените средства на категоријата 40-плати наемнини и надоместоци,* во Судскиот Буџет за 2008, споредени со последната состојба Ребалансот на РМ за 2007 година, е со тренд на пораст за двете постојни програми на судскиот буџет:

- за програмата 20-судска админстрација, категоријата 40 е со зголемување во релативен показател од 21,45%, односно
- за Г5 програма-Академија за обука на судии и јавни обвинители, намалување од 19,18%.

Овој пораст се должи на делувањето на фискалните импликации врз горенаведената категорија, заради примената на новиот закон за плати на судиите, одобрена корекција на платите и надоместоците од плати за вработените во судската власт, а согласно дополнителната Одлука на Владата на РМ за зголемување на платите за три годишен временски период од 34 % и потребните вработувања во новоформираните судови Управниот суд на РМ и Апелациониот суд Гостивар.

*Категоријата 42-тековни расходи (стоки и услуги) по усвојувањето на Судскиот Буџет на РМ за 2008 година*, **конкретно за програмата 20-судска администрација,** е со голем тренд на опаѓање, во споредба со последната состојна на судскиот буџет во 2007 година-Ребалансот. Ако со корекцијата на буџетот за 2007 година (Ребалансот), во споредба со почетната состојба 01.01.2007 година, за оваа категорија беа одобрени **дополнителни** 91.358.000 денари или одобрен пораст од 62,43%, состојбата на 01.01.2008 година и одобрените средства за оваа категорија во судскиот буџет го бележи следното:

Повторен пад од 80.976.000 денари, односно опаѓање од 34,07%, во однос на Ребалансот за 2007 година, иако проектираните параметри за оваа категорија во Предлог буџетската пресметка за судскиот буџет за 2008 година ја отсликуваа реалната потреба од средства за судството. Нашиот прелог беше калкулиран со реален пораст од 3,37% во однос на ребалансот на судскиот буџет за 2007 година, односно предвидуваше и понатаму да се задржи трендот на пораст, имајќи ги во предвид долговите на судовите.

Реалниот тренд на опаѓање за оваа категорија паралелно се отсликува и за програмата Г5-Академија за обука на судии и јавни обвинители. Показателите бележат пад на одобрените средства за 2008 година во однос на ребалансот од 16,63%, со потсетување дека и ребалансираните средства спротивно на програмата судска администрација бележат предходно опаѓање од 12,81%.

*Категоријата 46-Субвенции и трансфери* со ребалансот за 2008 година, **која се одобрува само во програмата 20-судска администрација,** се одобри со вкупен износ од 15.000 илјади денари, без промени во однос на Ребалансот за 2007 година, односно со тренд на стагнација и релативниот показател на зголемување на оваа категорија од 0,00 %. Оваа категорија во 2008 година е исклучиво наменета за исплата на извршните решенија по правосилни пресуди на терет на судовите.

*Категоријата 48-капитални расходи* и одобрените средства со Судскиот буџет за 2008 година**, е во ист апсолутен обем во однос на Ребалсот за 2007 година,** со финансиска конструкција од ***50.000 илјади денари***, кои ќе се реализираат преку Годишната Инвестициона програма за 2008 година.

Реален тренд на опаѓање за инвестиционите активности се бележи за програмата Г5-Академија за обука на судии и јавни обвинители. Показателите бележат пад на одобрените средства за 2008 година во однос на ребалансот за 75,00 %, а ребалансираните средства за 2007 година не бележат опаѓање во однос на почетната состојба во 2007 година.

*Сопствените приходи на судовите* со усвоениот судски буџет за 2008 година, кои се остваруваат од наплата на казни од кривични и прекршочни постапки, ќе се влеваат директно во Буџетот на РМ, без зголемување на

приходните конта во судовите. Распределбата на проектираните износи, ќе се изврши по судблимирање на податоците од судовите за пренесените неискористени салда на крајот на предходната фискална година, и по доставени барања за одобрување на планови, заради остварување на проходи на сопстените сметки по други основи.

## РЕАЛИЗАЦИЈА НА СУДСКИОТ БУЏЕТ 2004-2007

| година | плати | тековни расходи | тековни трансфери | капитални расходи | *% на реал. судски буџет* | сопствени приходи |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2004 | 98,18 | 86,47 | 0,00 | 90,33 | *95,60* | *89,93* |
| 2005 | 96,98 | 96,75 | 0,00 | 93,85 | *96,81* | *97,28* |
| 2006* | 99,54 | 96,29 | 0,00 | 89,63 | *98,75* | *89,20* |
| 2007* | 99,35 | 101, 85 | 100,00 | 85,00 | *96,55* | *92,14* |

## ДОЛГОВИ НА МАКЕДОНСКОТО СУДСТВО 2004 - 2007

- **Заклучно со 31.12.2004 година износот на нереализираните обврски за судската власт изнесува 72.848.687 денари.**

Од приложеното се согледува дека обврските **над 60 дена**, кои всушност се и заостанатите нереализирани обврски на судовите од предходните години **учествуваат со 68,61%.**

- Според официјалните податоци доставени од судовите и збирниот преглед дотавен до Министерството за финансии, **нереализираните обврски за судската власт, состојба 31.12.2005 година изнесува 82.155.906 денари.**

Од приложеното се согледува дека и во 2005 година **обврските над 60 дена**, кои всушност се и заостанатите нереализирани обврски на судовите од предходните години **учествуваат со 70,77%**, односно бележат зголемување во однос на 2004 година за 2,16%.

- Заклучно со 31.12.2006 година, в**купниот долг кон доверителите на ниво на судска власт изнесува 104.756.000,00 денари**, односно ако заклучно со 31.12.2004 изнесуваше 72.849.000 денари, со 31.12.2006 година тие изнесуваат 104.756.000.

**Обврските над 60 дена**, заклучно со 31.12.2006 година, кои всушност се и заостанатите нереализирани обврски на судовите од предходните години **учествуваат со 68,61%.**

- Во 2007 година, вкупно нереализираните обврски во месец јули достигнаа највисоко ниво од постоењето на судскиот буџет и изнесуваа 129.009.000 денари. **По извршената корекција на судскиот буџет со Ребалансот на РМ за 2007 година и користењето на законските можности за пренамена на слободните парични средства помеѓу судовите долговите се намалени на крајот на годината за 59,68%.** Изразено во апсолутни цифри заклучно со 31.12.2007 година, нереализираните обврски за судовите во РМ изнесуваат 52.014.000 денари.

**Обврските над 60 дена**, заклучно со 31.12.2007 година, се со **учество од 75,07%.**

## ВРАБОТУВАЊА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ

Во 2005 година Судскиот Буџетски Совет достави до Владата на Република Македонија Детална Програма за вработување во судската администрација, (со посебен дел за приоритените вработувања во судската администрација); Добиена согласност за вработувања бр. 17-3620/2 од

15.03.2005 година. **Вкупниот број на новопримени државни службеници во судовите изнесува 145 од кои:**

| | |
|---|---|
| стручни соработници | 129 |
| државни советници | 2 |
| виши соработници | 13 |
| помлад референт | 1 |

**По основ на упразнети работни места во 2005 година**, и **добиени согласности од Министерството за финансии** бр. 17-7201/2 од 25.03.2005 година; 17-10844/2 од 27.04.2005 година; 17-19526/2 од 06.12.2005 година; 17-25512/2 од 12.12.2005 година; 17-25514/2 од 12.12.2005 година **пополнети се 48 работни места** и тоа за следните работни места:

| | |
|---|---|
| - раководители на сектор | 1 |
| - виши соработници | 4 |
| - државни советници | 1 |
| - стручни соработници | 3 |
| - виши референти | 11 |
| - референти | 13 |
| - самостојни референти | 6 |
| - хигиеничари | 6 |
| - хаусмајстор | 3 |

**Во 2005 година, спроведени се и превземања во судовите од Министерството за правда, за вкупно 15 работни места**, за кои превземања се добиени согласности од Министерството за финансии бр. 17-13258/4 од 31.05.2005 година; 17-16822/2 од 20.06.2005 година и 17-29458/4 од 25.10.2005 година. Превземањата се однесуваат за работни места:

| | |
|---|---|
| - помлад референт | 13 |
| - самостоен референт | 1 |
| - помлад соработник | 1 |

Во 2005 година, спроведени се и превземања од Владата на Република Македонија, согласно програма К-реформа на јавната администрација, потпрограма К5-соодветна и правична застапеност на заедниците. За овие превземања се добиени согласности од Министерството за финансии бр. 17-20531/2 од 19.07.2005 година; 17-25103/2 од 26.09.2005 година; 17-16821/3 од 24.06.2005 година; 17-29893/2 од 21.10.2005 година, а кои се однесуваат за вкупно 7 работни места-работно место-помлад референт.

***Во буџетската 2006 година*** Финансирањето на категоријата плати и надоместоци се одвива со проблеми, заради некоординираноста и динамиката на пополнување на упразнети работни места, односно работните места во судството се празнат многу побрзо од нивното пополнување по автоматизам.

Владата на Република Македонија, конкретно Министерството за финансии и понатаму го дозволува и контролира вработувањето во судската власт со формални согласности, без кои, и покрај обезбедените финансиски средства во тековните фискални години, не е можно вработување на судската администрација.

Состојбата со човековите ресурси во судството од вкупно потребниот број на стручни соработници согласно усвоените систематизации за работни места во судовите, показателите регистрираат релативен параметер од околу 70% од вкупниот број, што уште повеќе делува на неефикасноста во судството, како и неможност од спроведување на реформи на судската власт.

Во 2006 година скоро во ниеден суд нема ангажираност на приправници, кои како високо образовен стручен кадар со својата пракса во судството треба да се стекне со правно искуство од една страна, а да претставува правна помош за секоја секоја судска институција.

Праксата покажува дека најголем недостаток на човечки ресурси во судовите се забележува кај административно-техничкиот персонал (референти-технички секретар на судија, хигиеничари и сл.административен кадар).

Во 2006 формално е завршено вработувањето во секторот за судски буџет, на дел од предвидената систематизација по работни места, а согласно програмата за вработување од проектот на Светска банка. Процедурите за нивен прием се завршени во 2007 година, при што се вработени 7 државни стручни службеници и 1 стручно административен службеник.

Во 2006 година заради неневремено забавено добивање на согласности за вработувања по судовите од Министерството за финансии, се изврши обнова на истите. Вработувањата се реализирани во 2007 година

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА ВРАБОТУВАЊАТА ВО 2007 ГОДИНА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ-СУДОВИТЕ

| Барано | Добиено согласност во 2006 |
|---|---|
| само за упразнети места | 52 |
| | |

***Во 2007 година:***

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВРАБОТУРАЊАТА ПО НПАА ПРОГРАМАТА ЗА 2007 ГОДИНА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ-СУДОВИТЕ 01.01.2007 - 04.12.2007 ГОДИНА

| | постоечки судови | Академија | ССРМ | Апелационен суд Гостивар | Управен суд Скопје | ВКУПНО: |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Реализирани | 20 | 5 | 6 | / | / | 31 |
| Во тек | / | / | / | / | / | / |
| Нема барање | / | / | / | 11 | 19 | 30 |
| ВКУПНО предвидени по НПАА 2007: | 20 | 5 | 6 | 11 | 19 | 61 |

## ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВРАБОТУВАЊАТА ЗА 2007 ГОДИНА ВО СУДСКАТА ВЛАСТ-СУДОВИТЕ ЗА ПЕРИОД 01.01.2007 - 04.12.2007 ГОДИНА

| Барано | Добиено согласност |
|---|---|
| 282 | 70 |
| 8 во тек | |

## РЕВИЗИСКИ КОНТРОЛИ

Работењето на судовите во 2005 година, по операционализацијата на судскиот буџет, подлегна и на редовни ревизиски контроли од Заводот за државна ревизија на Република Македонија, меѓу кои беше и извршената ревизија на Судскиот буџет за:

За 2004 година препораките се наведени во Извештајот од ревизијата бр. 10-563/1 од 23.05.2005 година. Во извештајот не е утврдено ненаменско користење на буџетските средства и извештаите вистинито ја прикажуваат финансиско-материјалната состојба на судскиот буџет;

За 2005 година препораките се наведени во Извештајот од ревизијата бр. 1203-266/8 од 23.06.2006 година. Во извештајот не е утврдено ненаменско користење на буџетските средства и извештаите вистинито ја прикажуваат финансиско-материјалната состојба на судскиот буџет;

За 2006 година препораките се наведени во Извештајот од ревизијата бр. 1203-455/5 од 15.10.2007 година. Во извештајот не е утврдено ненаменско користење на буџетските средства и извештаите вистинито ја прикажуваат финансиско-материјалната состојба на судскиот буџет;

За 2007 година, ревизијата од страна на Државниот завод за ревизија е планирана да се спроведе во месец март/април 2008 година.

## ИДНИ ТРЕНДОВИ НА СУДСКИОТ БУЏЕТ ВО НАСОКА НА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ДОЛГОРОЧНИТЕ ТРЕНДОВИ ВО МАКЕДОНСКОТО СУДСТВО И РЕФОРМАТА НА ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Основни насоки во функционирањето на судскиот буџет:

- поттикнување на поголемо независно алоцирање и управување со средствата за судската власт преку менаџирањето со судскиот буџет;
- правилна имплементација заради зголемена ефикасност на судовите, користење на инструментот-регрупирање на заеднички активности со цел максимално искористување на одобрените буџетски средства во нивни намени;
- создавање на подобри оперативни и динамични планови, кои ќе ги пресметуваат трошоците на едно оптимално ниво и неопходност од редовно намирување на долговите кон претпријатијата кои обезбедуваат услуги за судовите;
- наменско реализирање на финансиските средства од судскиот буџет;
- Судскиот буџет со својот обем на финансиски средства и во иднина треба да ги обезбеди сите неопходни услови за функционирање на судската власт во Република Македонија;
- Контрола на извршувањето на судскиот буџет се врши и согласно одредбите од Законот за буџетите и Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија, а подлежи на редовни ревизиски контроли од Заводот за државна ревизија на Република Македонија. Тековната внатрешна ревизија на извршувањето на судскиот буџет се врши од страна на независен внатрешен ревизор;
- Промовирање на принципот на транспарентност во работата на судската власт, се со една генералната цел-понатамошно развивање на независноста и ефикасноста на судскиот систем во Република Македонија;

- Сопствените приходи на судовите се дел од судскиот буџет и подлежат на трезорското работење, редовни ревизиски контроли од Заводот за државна ревизија на Република Македонија како и буџетските средства;
- Следењето на сметките за сопствени приходи се врши согласно одредбите од Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија и Уредбата за распределба на приходите и расходите;
- во судскиот буџет не се предвидени средства за наследените обврски - долгови од судовите, а основен проблем и понатаму останува големиот износ на заостанатите нереализирани обврски на судовите, а кои го попречуваат функционирањето на основната дејност на судовите.

## ВАЖНИ ЗАКЛУЧОЦИ ВО ФУНКЦИОНИРАЊЕТО НА СУДСКИОТ БУЏЕТ

- Понатамошно промовирање на принципот на транспарентност во работата на судската власт, заради:

  - рамноправна информираност на единките корисници за функционирањето на судскиот буџет;
  - информираност на медиумите за тековните активности во судската власт;
  - информираност на граѓаните за начинот на работа со државните средства одобрени за судската власт;
  - понатамошно развивање на независноста и ефикасноста на судскиот систем во Република Македонија;

- Зајакнување на контролата во трошењето на буџетските средства преку следните инструменти:

  - Почитување на трезорскиот систем на Република Македонија;
  - имплементација на донесените годишни програми за едукација на судии и судска администрација и инвестиционите активности;
  - спроведување на ревизиски контроли, кај единките корисници;

- Заради олеснување на состојбата околу плаќање на трошоците за достава на пошта, кои го обременуваат буџетот на судовите разгледување на можноста за склучување на договор со ЈП Македонски пошти за повластени цени на поштенските услуги.
- дополнително преземање на доставувачи од Министерството за правда.;
- бидејќи понатамошното функционирање на Законот за судски буџет треба да биде во насока на обезбедување на сите неопходни услови за функционирање на судската власт во Република Македонија, да се изнајдат можности за пренамена на средства за покривање на недостатокот во најкритичните ставки за целата судска власт и нивна распределба соодветно на учеството на сите судови;
- Регрупирање на заеднички активности со цел максимално искористување на одобрените буџетски средства во нивни намени (спроведени се постапки за централизирана набавка на гориво за затоплување и намалување на обврската кон институтот за судска медицина и криминалистика);
- Овозможување и создавање на подобри оперативни и динамични планови, а посебно за средствата обезбедени од сопствени приходи на судовите;
- Максимално ангажирање на сите судови кон целосно унифицирано автоматизирање и имплеметација на Автоматизираниот Буџетски Менаџмент-информатички систем (софтвер и хардвер проект на ПМСМ-УСАИД-ДПК);
- Донесување и имплементација на Прирачник за судските капацитети и стандарди при градење, реконструкција, адаптација во судските објекти;
- Изготвување и имплементација на фискална стратегија за судскиот буџет.

## КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАЊЕ

Инвестициони активности, согласно сите годишната инвестициони програми се во насока на подобрување на нивото на условите за работа на вработените во судските институции, а како дел од спроведувањето на реформата во судството на РМ.

**Вкупно одобрените буџетски средства за период 2004-2007 година, наменет- за категоријата 48-капитални расходи изнесуваат 208.896.000 денари, или 3.397.000 ЕУР.**

**За целосно завршенување на големите градежни проекти во судството**, кои во континуитет се реализираа 2004-2007 година се издвоени околу **2.400.000 евра, од кои најзначајни се**:

| | |
|---|---|
| - доградба на ОС Прилеп | 840.000 евра |
| - надградба на ОС Битола | 252.000 евра |
| - доградба и надградба на ОС Струга | 220.000 евра |
| - надградба ОС Гостивар | 243.000 евра |
| - реконструкција ОС Скопје 1 вклучувајќи ја судницата за организирани криминал | 140.000 евра |
| - надградба АС Штип | 115.000 евра |
| - шалтерски систем ОС Охрид | 115.000 евра |
| - обнова на фасада и под | |
| - АС Скопје | 112.000 евра |
| - реконструкција на катни површини во ОС Велес | 99.000 евра |
| - АС Битола, ОС Кичево, ОС Виница, ВСРМ ОС Кавадарци | 250.000 евра |

Кон ова како големи инвестициони зафати во делот на опремувањето се реализирани активностите за **видео надзори во судовите, видео конференциското снимање во Судскиот Совет, опремувањето на судниците за граѓански судења** во вредност од околу **40.000 евра.**

Како дел од инвестицоните програми се и реализираните активностите:

- обновување и адаптација на архивските простории;
- оформување на библиотеки за стручна литература во судовите;
- климатизација во судовите;
- реконструкција на санитарни чворови;
- замена на парни котли во судовите и воведување на нови системи на греење. Овие инвестициони зафати се во вредност од околу **748.000 евра.**

**Превземени обврски од Министерството за правда во 2004 година 12.762.000 денари, или 209.000 евра.**

*ЗАЕДНИЧКИ ПРОЕКТИ* со Проектот за модернизација на судството во Република Македонија, кој се спроведува преку УСАИД-ДПК-компонента за подобрување на просторните капацитети во судовите, реализирани во вредност од 2.471.078 УСД **(1.675.000 евра),** заклучно со 30.08.2007 година.

**Со Проектот на Светската банка** во период 2006-2010 година, се превдидуваат реконструкции во судовите, како и изградба на нов суд во вредност од околу **8.000.000 евра**.

**Во Програмата за инвестирање во судовите за 2007 година, е вклучена годишната инвестициона активност за Академијата за обука на судии и обвинители.**

**Скопје, декември 2007 година**